Ус-139/19

УЖ-3.бр.335/2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ IV SHKUP GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Државниот правобранител на Република Македонија за подрачје Скопје, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1396/2018 од 11.01.2019 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на ден 23.09.2020 година, донесе:

ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AVOKATURA SHTETËRORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 09-10-2020
Орг. един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera

П Р Е С У Д А

Жалбата на Државниот правобранител на Република Македонија за подрачје Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1396/2018 од 11.01.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1396/2018 од 11.01.2019 година, ја уважил тужбата на тужителот АИРКОН ДОО - Скопје и го поништил Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-404/10 од 18.07.2018 година.

Против вака донесената пресуда жалба изјави Државниот правобранител на Република Македонија за подрачје Скопје, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право и предлага жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување.

Вишиот управен суд, откако ја разгледа жалбата, обжалената пресуда и списите по предметот, ценејќи ги наводите од жалбата во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Служба за општи и заеднички работи на Влада на Република Македонија отпочнал постапка за јавна набавка со Отворена постапка бр.12/2018 за набавка на работи - реконструкција на систем за ладење во објектот Нова Македонија, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.05-1732/3 од 04.05.2018 година, објавена на ЕСЈН на

Бирото за јавни набавки и во Службен весник на Република Македонија. Набавката не била деллива и било предвидено истата да заврши со е-аукција како последна фаза од постапката, а како критериум за избор била предвидена најниската цена, со барање од понудувачите во Огласот и Тендерската документација да доставаат Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитет од 5%. До крајниот рок за поднесување на понудите - 28.05.2018 година пристигнале вкупно 2 понуди за што бил составен Записник бр.05-1732/11 од 28.05.2018 година, па по извршената првична проверка на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди, Комисијата при договорниот орган, единствениот прифатлив понудувач го поканила на е-аукција да поднесе конечна цена, по што биле составени и соодветни извештаи, а согласно Извештајот од спроведената постапка бр.05-1732/12 од 12.06.2018 година, Комисијата дала предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на единствениот понудувач АИРКОН ДОО - Скопје, кој предлог бил прифатен од страна на одговорното лице во договорниот орган и била донесена Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-1732/13 од 13.06.2018 година, за која со Известување од 13.06.2018 година биле известени економските оператори - учесници во конкретната постапка.

Против оваа одлука, економскиот оператор ОЗОН ДООЕЛ - Скопје, преку полномошник адвокат Борис Кондарко од Скопје, со препорачана пратка RB069940215MK, на 21.06.2018 година поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.08-404/10 од 18.07.2018 година ја уважила и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-1732/13 од 13.03.2018 година донесена по Огласот за доделување на јавна набавка со Отворена постапка бр.12/2018 за набавка на работи - реконструкција на систем за ладење во објектот на Нова Македонија на договорниот орган Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, а со која одлука за најповолна понуда била избрана понудата на сега тужителот - АИРКОН ДОО - Скопје, како и Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.12/2018. Ова од причина што Комисијата постапувајќи по службена должност утврдила дека дел од тендерската документација, поточно точката 2.5.1 од делот „техничка или професионална способност“, не е во согласност со членот 2 од Законот за јавните набавки со што била сторена суштествена повреда на законот во постапките за доделување на договор за јавна набавка, односно во наведената точка договорниот орган барал економскиот оператор да има минимум тројца вработени сервисери за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1396/2018 од 11.01.2019 година, ја уважил тужбата на тужителот АИРКОН ДОО - Скопје и го поништил Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-404/10 од 18.07.2018 година.

Вишиот управен суд наоѓа дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно членот 2 став 1 точки 1 и 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 165/17), со овој закон особено се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, како и еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

Согласно членот 153 став 3 точки 2 и 4 од Законот за јавни набавки, во постапките за доделување на договор за јавна набавка на работи, техничката и професионалната способност на економскиот оператор можат да се докажат меѓу другото и со образовни и професионални квалификации на економскиот оператор или на неговиот раководен кадар, и особено на лицата кои се одговорни за извршување на конкретните работи, како и со изјава на економскиот оператор за просечниот годишен број на вработени и за бројот на технички кадар во последните три години.

По мислење на Вишиот управен суд, правилно утврдил Управниот суд дека тужениот орган не ги применил правилно горе цитираните законски одредби, при одлучувањето по поднесената жалба на економскиот оператор - учесник во конкретната постапка за избор на најповолна понуда, Озон ДООЕЛ - Скопје.

Имено од извршениот увид во списите од предметот, Судот утврди дека договорниот орган ја изготвил тендерската документација согласно членот 32 од Законот за јавните набавки, на начин што при утврдувањето на барањата, условите, критериумите и другите неопходни информации обезбедил конкуренција меѓу економските оператори, како и еднаков третман и недискриминација на истите. Фактот што во точката 2.5.1 од Тендерската документација како еден од условите за исполнување на техничката или професионалната способност на економските оператори, навел дека за да одреден економски оператор се квалификува како способен, треба да има вработено минимум тројца вработени сервисери, е во согласност со законските пропишани критериуми за утврдување на техничка или професионална способност утврдени во членот 153 став 3 од Законот за јавните набавки. Имено согласно членот 32 став 1 од Законот за јавните набавки, договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, правилно првостепениот суд утврдил дека тужениот орган не ги применил правилно законските одредби во поглед на правилното оценување на содржината на Тендерската документација, односно дали утврдените услови, критериуми и други барања во истата се во согласност со законски

пропишаните критериуми за изработка на тендерска документација и дали со така изработената Тендерска документација се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, како и еднаков третман и недискриминација на истите.

При повторното постапување и одлучување тужениот орган ќе треба во целост да постапи согласно напатствијата на овој и првостепениот суд во поглед на фактот дали карактерот на дадените услови, критериуми и останати барања во тендерската документација се во спротивност на законските одредби од Законот за јавните набавки и дали со истите се обезбедува конкуренција и еднаков третман и недискриминација меѓу економските оператори, па со правилно и целосно утврдување на фактичката состојба на работите и согласно цитираната законска регулатива, да донесе правилна и законита одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 357 од Законот за парничната постапка, во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 23.09.2020 година под УЖ-3.бр.335/2019.

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевска с.р

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р

/ЛС

Република Северна Македонија
Виш управен суд
Скопје
IV
Gjykata e Lartë Administrative
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Согласно со изворникот, тврди
Судски службеник